Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Адеми Имер од с. Селце Тетово УП2 09-367/23 од 19 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1167 од 13 октомври 2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1167 од 13 октомври 2023 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да прибави соодветен елаборат за измерените растојанија и потоа да донесе соодветно Решение согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Адеми Имер од с. Селце Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-367/23 од 19 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1167 од 13 октомври 2023 година на КЕЦ Тетово, незапазени растојанија до далекувод на Електродистрибуција.

Жалителот потенцира дека во објектот е изграден согласно Општ Акт за с. Селце од 2017 година, а на 30 метри од објектот има приклучени соседи. Нисконапонската мрежа е на 7 метри од објектот.

Според Електродистрибуција –парцелата на жалителот е вон градежен опфат, а во прилог на Барањето од аспект на доказ за сопственост е доставена Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 11 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-367/23 од 19 декември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение
-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште.
-Барање за согласност за приклучок
-Слики од објектот и далекуводот
2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 5 јануари 2024 година со прилог:
-GIS скица
-Имотен лист
-Слики.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, за прецизно утврдување на спорното растојание, потребно е Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да обезбеди соодветен документ од кој ќе може да се утврди фактичката состојба.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–367/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**